РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1761/2
25-06-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под бр. 12-1761/1 од 14.04.2026 година, против Здружението за --------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност во смисла на член 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-1761/1 од 14.04.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 14.04.2026 година, поднесена е пријава против Здружението за ------ и оформен е предмет бр. 12-1761/1 од 14.04.2026 година.
Во пријавата подносителот наведува дека постоеле сериозни дилеми во врска со законитоста и правната издржливост на одредени акти и одлуки донесени од ------, начинот на донесување и примена на правилата за распределба на ------, транспарентноста на критериумите и методологијата на распределба, како и начинот на евиденција, обработка и вреднување на користењето на авторските дела.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување, од причина што во пријавата нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност во смисла на член 2 од ЗСКСИ, односно работењето на невладините организации (во конкретниот случај здружение на граѓани) не е предмет на надлежност на ДКСК согласно одредбите од ЗСКСИ .

*Според член 153 став 2 од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/2010; 140/2010; 51/2011; 147/2013; 154/2015 и 27/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2025), надлежен државен орган за надзор над актите и работењето на организацијата во поглед на одредбите од овој закон е Министерството за култура.*

Дополнително, иако ----- не е државен орган, согласно член 153 став 2 од Законот за авторското право и сродните права, неговото работење подлежи на законски надзор од страна на Министерството за култура, кое проверува дали организацијата ги почитува одредбите од Законот за авторското право и сродните права.
Видно од предметната пријава, истата покрај до ДКСК, е доставена и до други државни институции, меѓу кои и до Министерството за култура и туризам.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

**Доставено до:**
- подносителот на пријавата